Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1417/2
датум 16. 04. 2019

# ЗАПИСНИК
# ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 19.03.2019 година (вторник) во 9.30 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Претходно, со писмо од 27.02.2019 година претседателот на Основниот суд Скопје 1 Скопје беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Претседателот на судот укажа на проблеми што ги има кај пасивната архива. Имено, истиот истакна дека има бројни барања по кои е неопходно да се постапи од страна на судија, а за тие дејствија не се вреднува трудот на судијата.

Од негова страна беше истакнато дека во судот работат 49 судии од 73 предвидени судиски места по систематизација и околу 40 судски соработници. По негова лична проценка, недостигаат 5 судии и најмалку 10 судски полицајци со оглед дека постојната бројка на 15 припадници на судската полиција е недоволна, земајќи ги предвид големината на судот и неговата надлежност. Во однос на вработените од ИКТ областа, беше укажано дека во судот во моментот има 3 информатичари и двајца техничари, што е недоволно за потребите на судот.

Претседателот истакна дека АКМИС-от во Основниот суд Скопје 1 Скопје целосно е во функција, и не постојат повеќе судски уписници каде предметот се придвижува рачно до стручен соработник и не постои рачна распределба на предмети, ниту незаведени предмети.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Архивски бр. 08-~~1424~~/
датум

ЗАПИСНИК
ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 19.03.2019 година (вторник) во 9.30 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Претходно, со писмо од 27.02.2019 година претседателот на Основниот суд Скопје 1 Скопје беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Претседателот на судот укажа на проблеми што ги има кај пасивната архива. Имено, истиот истакна дека има бројни барања по кои е неопходно да се постапи од страна на судија, а за тие дејствија не се вреднува трудот на судијата.

Од негова страна беше истакнато дека во судот работат 49 судии од 73 предвидени судиски места по систематизација и околу 40 судски соработници. По негова лична проценка, недостигаат 5 судии и најмалку 10 судски полицајци со оглед дека постојната бројка на 15 припадници на судската полиција е недоволна, земајќи ги предвид големината на судот и неговата надлежност. Во однос на вработените од ИКТ областа, беше укажано дека во судот во моментот има 3 информатичари и двајца техничари, што е недоволно за потребите на судот.

Претседателот истакна дека АКМИС-от во Основниот суд Скопје 1 Скопје целосно е во функција, и не постојат повеќе судски уписници каде предметот се придвижува рачно до стручен соработник и не постои рачна распределба на предмети, ниту незаведени предмети.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

1. **Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**

Беше констатирано дека се донесени одлуки за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2017, 2018 и 2019 година по предлог на Работното тело.**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите за 2017 и 2018 година се донесени, а за 2019 година планот е во нацрт верзија.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019 година (член 17 од СД).**

Од увидот во бараните документи, Надзорната комисија констатираше дека претседателот на судот врши редовни контроли на навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019, за што постојат службени белешки.

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Скопје 1 Скопје за 2017, 2018 и 2019 година .**

Беше утврдено дека последниот надзор на повисокиот суд над работата на Основниот суд Скопје 1 Скопје бил на 5.5.2017 година.

***ПРЕПОРАКА: Се препорачува Апелациониот суд Скопје да врши редовни надзори над работата на Основниот суд Скопје 1 Скопје.***

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници.**

Претседателот информираше дека одржува седници на судии најмалку еднаш месечно, а по потреба и почесто. Надзорната комисија изврши увид во записниците.

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД).**

Тековни обуки за работење на АКМИС вршат судските информатичари, но беше истакната потребата за контиунирана и систематска обука на вработените.

***ПРЕПОРАКА: да се дефинираат потребите за континуирана обука за користење на АКМИС и барањето да се достави до Академијата за судии и јавни обвинители за реализација.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД).**

Судот нема судски администратор, а обврските ги извршува судски службеник. Започната е постапката за вработување на судски администратор и истата ќе продолжи по завршување на претседателските избори.

***ПРЕПОРАКА: да се реализира постапката за пополнување на работно место – судски администратор, имајќи ја предвид неговата надлежност предвидена со Судскиот деловник***

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД).**

Надзорната комисија констатираше дека не е изготвен список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период.

***ПРЕПОРАКА: да се изготви список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи.***

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судскиот совет, од страна на претседателот на судот.**

Претседател на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програма за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија најдоцна до 1 март.

**10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД).**

Надзорната комисија утврди дека не се изготвени внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период.

***ПРЕПОРАКА: Веднаш да бидат изготвени внатрешни процедури за привилегии за АКМИС.***

**11. Број , вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД).**

Согласно годишниот распоред за работа на судот за 2019 година, работата е организирана во следните оддели: Оддел за кривично полнолетни, Оддел малолетнички криминалитет – деца, Оддел за прекршоци и Специјализирано судско одделение надлежност за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Северна Македонија.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД).**

Претседателот ја информираше надзорната комисија дека не е можно да се формира оддел за судска практика, со оглед на малиот број на судии кои работат во судот.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за 2017, 2018 и 2019 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е**

**запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД).**

Годишниот распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд Скопје I Скопје за 2018 година е донесен на ден 20.12.2017 година со исправка донесена на 21.12.2017 година.

Годишниот распоред за работата на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд Скопје I Скопје за 2019 година е донесен на ден 25.12.2018 година. Претседателот на судот извести дека не биле доставени приговори од страна на судиите на Годишниот распоред.

**14. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година (116).**

Надзорната комисија од увидот во документацијата констатираше дека распоредот на дежурства утврдени на месечно ниво, уредно се доставуваат до јавните обвинителства и МВР.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД).**

Надзорната комисија изврши увид во просториите на судот и констатираше дека има просторија за адвокати, но не и за судии поротници.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД).**

Судот располага со огласни табли кои се во функција, поставени на видливо место.

17. **Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101).**


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Претседателот ја извести Комисијата дека судски службеник - советник е судски портпарол. Воедно, од увидот во просториите на судот, беше констатирано дека во судот има просторија за новинари со 3 функционални компјутери и екран каде новинарите може да ги следат судењата во посебната судница која е технички опремена за таа намена.

Исто така, на барање на странка се доставува аноминизиран примерок од одлука.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД)**

Автоматска распределба, како и прераспределба на предмети се врши од страна на водителот на уписник во секој оддел врз основа на одлука од претседателот.

Исто така, надзорната комисија беше известена дека е определен администартор на АКМИС, советник – информатичар . Лицето беше повикано и со неа лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата околу АКМИС-от и неговата примена во судот.

19. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2017, 2018 и 2019 година**(175 став 5 СД)

Надзорната комисија изврши увид во дел од одлуките за исклучување на судија од распределба на предмети. Беше констатирано дека одлуките се уредно донесени, образложени и соодветно заведени.

20. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Комисијата констатира дека не се изготвуваат месечни извештаи на работното тело.

*ПРЕПОРАКА: веднаш да се постапи по законското задолжение и да се започне со изготвување на месечни извештаи.*

**21. Дали месечните извештаи на Работното тело се доставуваат на увид на повисокиот суд, согласно заклучокот на работен состанок од Велес 2013.**

Надзорната комисија беше известена дека не се постапува согласно наведениот заклучок.

**22. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за изземање за 2017, 2018 и 2019 година.**

Надзорната комисија изврши увид во одлуки за повторна автоматска распределба заради изземање на судиите. Беше констатирано дека одлуките се уредно донесени, образложени и соодветно заведени. Во изреката на одлуките јасно стои дека повторната распределба треба да се изврши преку АКМИС-от.

**23. План за годишен одмор на судиите, за 2017, 2018 и 2019 година 115 СД)**

Донесен е план за годишен одмор на судиите.

**24. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.**

Надзорната комисија изврши увид во бројот на ново заведени предмети по уписници за 2017, 2018 и 2019 година и во листата на уписници.

Не е констатирано исклучување на уписник од автоматска распределба. Исклучување на судии од автоматска распределба на предемети вршат Раководителите на оддели по одлука на претседателот на судот само при отсуство на судија подолго од 5 работни дена.

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС, додека актите се изготвуваат во word.

***ПРЕПОРАКА : Се препорачува сите акти од Судска управа да бидат изготвувани во АКМИС. Истотака се препорачува АКМИС-от да се прилагоди на потребите на секој суд.***

**25. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година**

Претседателот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети. Воедно тој укажа дека има одлуки за дополнителен судија кај притворските предмети, но претседателот не одлучува кој судија ќе сослушува кои обвинети, односно функционира т.н. „џентлменски договор."

**26. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд Скопје 1 Скопје, од кој беше констатирано дека во судот е неопходно да се изврши попис на информатичката опрема, и воедно оштетената и нефункционалната опрема да се предложи за расход.

Членовите на комисијата од редот на информатичарите заклучија дека капацитетот на серверот е недоволен за нормално функционирање на апликацијата, како и за редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци. Беа констатирани технички проблеми во функционирањето на АКМИС , и не можеше да се изгенерираат дел од контролниците и прегледот за распределба на предметите со што беше отежнат увидот во работењетона АКМИС.

**27. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека се скенираат влезни документи и тоа најважните докуменит со оглед на фактот дека судот располага само со 5 скенери.

ПРЕПОРАКА: Се препорачува да се обезбеди техничка опрема и човечки персонал за надминување на проблемот.

**28. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник .**

Распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно, но во различен термин, а итните предмети се распоредуваат веднаш.

ПРЕПОРАКА: Да се донесе одлука за определување на времето за распределба на предметите во судот.

29. **Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот**

На судскиот веб портал не се објавуваат сите анонимизирани одлуки. За 2017 година се објавени 236 анонимизирани одлуки, додека за 2018 година се објавени 1775 анонимизирани одлуки. За јануари и февруари 2019 година се објавени 126 одлуки.

ПРЕПОРАКА : Да се интензивира процесот на анонимизација и објавување на судските одлуки .

**32. Електронски прием на предмети од страна на судиите.**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

**33. Уписници што се водат во хартиена форма.**

Надзорната коамисија беше информирана дека се уште во хартиена форма се водат сите СУ упсници паралелно со електронските уписници.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Увидот заврши на ден 05.03.2019 година во 13.30 часот.

Членови на надзорна комисија:


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk